**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02 - 1079/1
26.12 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ЗА 2021 И 2022 ГОДИНА

*Скопје, декември 2022 година*

адреса: Бул. Гоце Делчев, бр.18, тел. 02 3297 100, факс 02 3225 520, e-mail:
makedonska.radiodifuzija@jpmrd.gov.mk www.jpmrd.gov.mk

Имајќи го предвид сегашниот систем и поставеноста на управувањето со ризикот од корупција, во целиот процес на проценка на ризик од институционална корупција беа идентивикувани следниве чекори:

- ✓ Идентификување на ризиците од корупција;
- ✓ Анализа и евалуација на ризиците и тековни контролни мерки
- ✓ Идентификување и планирање на мерки и препораки; и
- ✓ Имплементација на мерките и препораките и мониторинг на спроведените препораки за намалување на ризиците од корупција.

ЈП НРД во целост и доследно ги применуваше закон за спречување на корупција и судир на интереси и Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Со почитувањето на овие законски прописи, се спречија внатрешните и надворешните слабости или процеси кои можат да претставуваат можност за појава на корупција, како и овозможија независно, непристрасно, етичко, одговорно и тртанспарентно вршење на активностите со кои вработените го штитат својот улгед и угледот на ЈП НРД.

Управувањето со утврдените ризици од корупција, ЈП НРД го спроведе со примена и почитување на следниве акти, процедури и активности:

- ✓ Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- ✓ Колективен договор на ЈП НРД број 02-164/1 од 31.01.2020 година и Анекс на Колективниот договор број 03/733/2 од 20.12.2021 година
- ✓ Стратегија за управување со ризици на ЈП НРД бр. 02-776/1 од 23.06.2017 година;
- ✓ Утврдување и проценка на ризик на ЈП НРД бр. 02-776/2 од 23.06.2017 година;
- ✓ Регистар на ризици на ЈП НРД бр. 02-776/1 од 23.06.2017 година;
- ✓ Системот за менаџмент на квалитет во ЈП МРД, усогласен со барањата на ISO 9001:2015;
- ✓ Етички кодекс на вработените во ЈП НРД бр. 08-413/1 од 30.03.2017 година;

- ✓ Интерен акт за организација и спроведување на пописот на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис на ЈП НРД бр. 01-124/2 од 26.01.2017 година;
- ✓ Интерен акт за деловна тајна во ЈП НРД бр. 02-414/1 од 31.03.2017 година;
- ✓ Правилник за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето на давателите на јавни услуги;
- ✓ Правилник за критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект;
- ✓ Упатство за заштита од вознемирување на работно место;
- ✓ Годишна програма за работа и развој на ЈП НРД;
- ✓ Годишен план за вработување;
- ✓ Одлука за определување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција;
- ✓ Решение за определување на офицер за заштита на лични податоци
- ✓ Одлука за назначување лице за информации од јавен карактер.
- ✓ Ревизија на работењето во ЈП НРД;
- ✓ Почитување на начелата на стручност и компетентност при селекција на кандидати за вработување;
- ✓ Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можностите за антикоруптивно дејствување;

Во поглед на активностите за воспоставување на функционален систем на финансиско управување и контрола, ЈП НРД има преземено активности за донесување на процедури со кои се опишани тековни работни процеси, обезбеден е ИСО сертификат за квалитет, воспоставени се процедури во врска со движењето на документацијата и извршувањето на плаќањата на фактурите, како и за други тековни активности, воспоставени се ex-ante и ex-post контроли и воспоставен е систем на информации и комуникации кој овозможува навремено информирање на одговорните лица за извршување на задачите. Преземени се потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија за непречено остварување на целите на ЈП НРД.

Вработените во ЈП НРД службените должности ги извршуваа во согласност со Уставот, Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и другите законски и подзаконски прописи и никогаш не работат на начин за кој знаат или се сомневаат дека е незаконски, непрописен или неморален, ниту подлегнуваат на притисоците за извршување на противуставни и незаконски работни задачи од претпоставените.

ЈП НРД ги промовира демократските вредности и владеењето на правото, а со цел да се обезбеди почитување на принципите на законитост, хуманост, еднаквост, социјална правда, ефективност, ефикасност, навременост, совесност, одговорност, уредност и лојалност при вршењето на нивните службени должности, како и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на ЈП НРД.

Вработените во ЈП НРД не се доведуваат во состојба на судир на личниот со јавниот интерес и се спротивставуваат на секое нечесно, несовесно и недолично однесување во службата.

При вршењето на работите, вработените во ЈП НРД го остваруваат исклучиво јавниот интерес, правата и интересите на сите граѓани и другите субјекти во заедницата, овозможувајќи остварување на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање на можности и почитување на различностите, како и заштита од неправда, злоупотреба и дискриминација по било кој основ, а притоа имајќи ги предвид развојните цели на општеството. Вработените во ЈП НРД ги извршуваат работите на високо професионално ниво, кое континуирано го надградуваат.

## ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Постапките за јавни набавки се спроведуваат согласно законската регулатива и донесениот План за јавни набавки. Во целост се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки, врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. Набавките се реализираат на транспарентен начин и сите документи јавно се достапни на ЕСЈН и веб страната на ЈП НРД.

Годишниот план за јавни набавки беше изработен според потребите на ЈП НРД за набавка на стоки, услуги и работи. Во постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавни набавки, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

Спроведена е профеционална едукација на вработените како значаен механизам во надградбата на знаењето и превентивно делување во борбата за спречување на корупцијата.

ЈП НРД како договорен орган во процесот на спроведување на постапките за доделување на договори и рамковни спогодби за јавни набавки за стоки, услиги и работи соодветно ги применува општите мерки за спречување на корупција и за таа цел при објавување на огласите и тендерските документаци на ЕСЈН и при реализација на договорите ревносно превзема мерки за навремено откривање на корупција. Дополнително ЈП НРД во врска со намалување на ризиците од корупција во јавните набавки има обдастено лице кое е надлежно за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи.

## ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НРД

ЈП НРД согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во целост ги спроведува и применува сите алатки кои се предвидени со цел отчетност и транспарентност во работењето. Назначено е лице за инфромации од јавен карактер.

Вработените во ЈП НРД обезбедуваат вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и јавноста, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

Вработените во ЈП НРД го олеснуваат пристапот до податоците со кои располагаат во своето работење и кои се потребни за остварување на правата и интересите на грѓаните и другите субјекти.

Согласно Акцискиот план на Стратегијата и Мерка: 1. Да се оптимизира бројот на членови во надзорни одбори во ЈП и АД од Активноста: 1.2. Усогласување на статутите на ЈП и АД согласно измените во законите, како и Мерка: 2. Воведување на критериуми за вид на образование и компетенции при изборот на директори и именувањето на членови на управните и надзорните одбори од Активноста: 2.2. Усогласување на Статути и интерни акти со измените во ЗТД и ЗЈП од органи на управа ЈП и АД.

ЈП НРД пристапи кон донесување на статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на Јавното претприеатие Национална радиодифузија – Скопје бр.02435/3 од 26 Мај 2022 согласно измените на законот за јавни претприатиа објавени во службен весник бр.274/22. Процедурата е сеуште во постапка на реализација од причина што ЈП НРД постапува по укажувања од надлежни ресори во рамките на Влада на Република Северна Македонија.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје /
NP Radiodifuzioni Nacional - Shkup

В.Д. Директор / U.D. Drejtor

Endrin Kadriu